**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Бр.** 03-3

**Скопје** 02.02.**2022г.**

**До:**

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитувана

Во врска со Вашата претставка (наш арх.бр. 03-3 од 27.1.2022 година), Ве информираме дека контролниот надзор покажа оти ТРД ТВ АЛФА ДООЕЛ Скопје и по изречената јавна опомена од 27 декември 2021 година, продолжи да ги прекршува членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-320/4 од 24 јануари 2020 година, прекршочна постапка против радиодифузер се поведува само доколку не почитува изречена мерка јавна опомена за дело сторено **<u>во тековната година</u>**. Оттаму, имајќи предвид дека мерката јавна опомена му е изречена на медиумот претходната година, по извршениот контролен надзор, според административната процедура, во Извештајот (наш арх. бр. 10-422/1 од 01.02.2022 година) е предложено Советот на Агенцијата повторно да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена, со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението. По истекот на овој рок, Стручната служба на Агенцијата, во согласност со членот 27 став 5 од ЗААВМУ, повторно ќе изврши контролен надзор.

Преку веб-сајтот на Агенцијата ќе може да го следите текот на постапката за ТВ АЛФА. Извештајот од контролниот надзор е исто така, објавен.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран Трајчевски**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**